Република Северна Македонија

Министерство за одбрана

# ПОЛИТИКА ЗА СТРАТЕГИСКИ КОМУНИКАЦИИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

јануари, 2023 година

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

с.р. Славјанка Петровска

# ПОЛИТИКА ЗА СТРАТЕГИСКИ КОМУНИКАЦИИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Бр.10-610/1

06.02.2023 година

јануари, 2023 година

СОДРЖИНА


**Вовед** ........ 4

**Цел на политиката** ........ 5

**Опсег** ........ 5

**Правен основ** ........ 5

**Документи од областа на стратегиските комуникации** ........ 6

**Дефиниција на стратегиските комуникации во Министерството и Армијата** ........ 6

**Принципи и начела на стратегиските комуникации** ........ 6

**Организациска структура на стратегиските комуникации и одговорности** ........ 7

**Модел за координација на стратегиските комуникации во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија** ........ 8

**Учесници во стратегиските комуникации** ........ 9

- Управна функција ........ 9
- Советодавна функција ........ 9
- Координативна функција ........ 9
- Извршна функција ........ 10

**Функционирање на системот за стратегиски комуникации** ........ 12

- Динамичен процес за реализација на стратегиските комуникации ........ 14
- Комуникациски план за наратив „а“ ........ 15

**Справување со дезинформации** ........ 16

**Градење на отпорност против дезинформациите во рамки на стратегиските комуникации** ........ 17

**Интерни комуникации** ........ 18

**Вовед**

Република Северна Македонија е демократска земја, членка на НАТО и кандидат за членство во Европската унија, и во таа насока Министерството за одбрана (во понатамошниот текст Министерството) цели кон целосна отворена и ефективна комуникација со граѓаните, со целните публики во Алијансата (земјите – членки и нивните раководства, Одделот за јавна дипломатија на НАТО), како и со сите глобални партнери. Министерството функционира согласно принципот на „максимална отвореност со минимално одложување", додека истовремено во континуитет таа се етаблира како најбрз извор на комплетно точни информации, односно како **првиот и најкредибилен извор на информации во доменот на одбраната и безбедноста** во нашата држава.

Приоритет за Министерството е да биде целосно отворено и транспарентно кон граѓаните. Активната транспарентност[1] која подразбира проактивно објавување на информации на сопствена иницијатива, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации, е основа за добро работење во одбраната, отвореноста, отчетноста и борбата со корупцијата.

Еден од фундаментите за ефикасна комуникација е воспоставување на сеопфатен процес на стратегиски комуникации во Министерството и во Армијата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Армијата), кој во основа значи ефикасно и ефективно координирање и имплементирање на своите комуникациски активности и способности, како поддршка на останатите политики, операции и активности, за исполнување на целите на државата, односно на Владата, на Министерството и на Армијата.

На стратегиските комуникации се гледа како на приспособлив процес кој овозможува темелно да се разбере целната публика, да се врши континуирана координација и синхронизација на наративите, темите и клучните пораки, како и да се утврди конкретниот резултат од првземените активности.

Главниот бенефит од воспоставувањето на ефикасен систем на стратегиските комуникации е можноста за координирано пласирање на информации низ сите канали и со сите соодветни алатки на односите со јавноста во клучен момент за остварување на целите на Министерството и на Армијата.

Една од клучните области во кои Министерството развива свои способности е справување со дезинформациите, кои се дефинирани како еден од приоритетните

---

[1] Министерството согласно Индексот за активна транспарентност за 2020, 2021 и 2022 година на Центарот за граѓански комуникации е рангирано како прва, најтранспарентна институција во споредба со сите останати институции на локално и на централно ниво.

безбедносни предизвици за државата и за НАТО. Во тој контекст, Министерството својот фокус го става на развивање на Систем за справување со дезинформации со три видови на функции – проактивна, реактивна и превентивна функција во Секторот одговорен за стратегиски комуникации (во понатамошниот текст ССК).

## I. ЗА ПОЛИТИКАТА

### Цел на политиката

Политиката за стратегиски комуникации е основата на која се развиваат стратегиските комуникации во Министерството и Армијата. Таа дава главни насоки за воспоставување на ефикасен и ефективен систем на координација и синхронизација на наративите, темите и клучните пораки од Министерството и Армијата кон јавноста и потесно дефинираните клучни публики. Воедно, политиката го утврдува системот за имплементација на стратегиските комуникации, развојот на капацитетите во оваа област, како и начинот на кој се дефинираат главните наративи кои ги отсликуваат политиките на Министерството и на Армијата. Политиката дава клучни насоки во изработка на документите од областа на стратегиските комуникации и дава насоки во развој на интерните комуникации во Министерството и во Армијата.

### Опсег

Политиката за стратегиски комуникации, како политика на Министерството, го дефинира значењето на стратегиските комуникации во областа на одбраната и го опфаќа начинот на реализација на стратегиските комуникации во Министерството. Политиката ја дефинира и улогата на Секторот одговорен за стратегиски комуникации, како и сите останати организациски единици како иматели на информации и реализатори на активности. Дополнително, таа го дефинира и начинот на соработка и координација со Армијата, и армиските комуникациски способности. Согласно одредбите на политиката, користејќи ги здружено сите капацитети во рамки на една единствена (интегрирана) целина ќе се спроведуваат сеопфатни стратегиски комуникации и односи со јавноста. Политиката ја зема предвид и Стратегијата за справување со хибридни закани која го опфаќа и справувањето со дезинформациите и во таа насока вклучува и дефинирање на основата за развој на капацитети за справување со дезинформации, кои се унапредуваат согласно Концептот за развој на систем за справување со дезинформации.

### Правен основ

Комуникацијата со јавноста, отвореноста и транспарентноста се фундаментални вредности и права гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија. Политиката за стратегиски комуникации дава основа на Правилникот за транспарентност во работењето на

Министерството за одбрана и Комуникациската стратегија на Министерството, а истата е комплементарна со документите од оваа област на Владата на Република Северна Македонија, главно Програмата на Владата и нејзината Комуникациска стратегија, како и НАТО – воената политика за стратегиски комуникации (NATO Military Policy on Strategic Communications – MC 0628 од 2017 година).

**Документи од областа на стратегиските комуникации**

Министерството за одбрана, односно ССК изработува повеќе документи кои нормативно и практично го дефинираат процесот и начинот на реализација на стратегиските комуникации во одбраната. Односите со јавноста, слободниот пристап до информации од јавен карактер и начинот на спроведување и развој на активната транспарентност се дефинирани во Правилникот за транспарентност во работењето на Министерството за одбрана. Секторот за стратегиски комуникации периодично изработува Комуникациска стратегија на Министерството и План за комуникации, во кои се дефинирани основните постулати за односи со јавноста и главните наративи, теми и клучни пораки од важност за Министерството.

## II. ЗА СТРАТЕГИСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

**Дефиниција на стратегиските комуникации во Министерството и Армијата**

Стратегиските комуникации во Министерството и на Армијата претставуваат интеграција на комуникациските напори и комуникациските капацитети со останатите крајни корисници во и надвор од одбраната, со цел подобро да се разбере информациската средина, јавноста и целните групи и, следствено, со помош на алатките, каналите и производите на односите со јавноста да се овозможи навремено, синхронизирано, вистинито и фактички точно информирање во поддршка на целите и задачите на одбраната.

**Принципи и начела на стратегиските комуникации**

Стратегиските комуникации се процес кој овозможува целесообразен начин на размислување за пошироко сфаќање на карактеристиките на информациската средина, во која главните наративи се преточуваат во конкретни теми од кои произлегуваат кампањи и активности. Сите овие елементи се базирани на следните принципи и начела:

- Сите активности се базирани на вредностите на демократијата, вредности препознаени во државата, нејзините институции и НАТО;
- Активностите се спроведуваат во согласност со целите на Министерството и на Армијата утврдени во стратегиските документи и политики;
- Кредибилитетот и довербата се од суштинско значење и како такви имаат приоритет при спроведувањето на стратегиските комуникации;
- Зборовите мора да ги отсликуваат делата; делата мора да ги отсликуваат зборовите;

- Стратегиските комуникации се заеднички, координиран и интегриран процес на Министерството и на Армијата;
- Разбирањето на информациската средина во која се пласираат производи на односите со јавноста, користејќи соодветни алатки, преку соодветни канали, е од суштинско значење за постигнување на посакуваниот ефект. Тоа го подразбира и разбирањето, вредностите и размислувањата на целната публика;
- Секој вработен во одбраната и секој припадник на армијата е составен дел од Министерството и Армијата и е претставник на институцијата, и во тој контекст ги пренесува пораките на институцијата по принципот „еден глас" (зборува со исти клучни пораки) и има влијание врз јавното мислење;
- Секој вработен во Министерството и во Армијата припаѓа на еден заеднички колектив кој има иста цел, иста мисија и иста визија;
- Фокусот на сите активности на стратегиските комуникации, е на постигнување на посакуваниот ефект и резултат(и).

**Организациска структура на стратегиските комуникации и одговорности**

Моделот за синхронизација и координација на стратегиските комуникации (слика 1) вклучува повеќе позиции во структурата кои активно се вклучени во функционирањето на стратегиските комуникации и моделирањето на наративите, темите и клучните пораки. Моделот вклучува и останати позиции (о.е. во Министерството и Армијата) кои согласно дадените насоки, ги креираат производите и ги реализираат активностите. Тоа е така зашто стратегиските комуникации во Министерството и Армијата, по обем се поголеми од односите со јавноста.

**Модел за координација на стратегиските комуникации во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија**



**Учесници во стратегиските комуникации**

**Управна функција**

1. Стратегиските комуникации во Министерството и во Армијата, во суштина се одговорност на највисокото раководство во институциите. Министерството за одбрана е главен носител на стратегиските комуникации и во тој контекст министерот/ката за одбрана, со цел успешна имплементација на процесот, дава јасни насоки и правци за реализација на стратегиските комуникации преку наративите, темите и клучните пораки. Министерот/ката за одбрана е главен гласноговорник на Министерството. Ги одобрува Комуникациската стратегија на Министерството за одбрана и Планот за комуникации и дава дополнителни насоки и одобрувања во процесот на реализација на стратегиските комуникации.

2. Генералштабот на Армијата по прашањето на стратегиските комуникации постапува во склад со насоките и директивите на Министерството за одбрана, притоа обезбедува непречен проток на информации и доставува сугестии и предлози за унапредување и непречено реализирање на комуникациите. Во тој контекст, началникот на Генералштабот на Армијата е најодговорното лице за ГШ на Армијата, воедно издава насоки и правци за реализација на стратегиските комуникации во Армијата, во соработка и координација со министерот/ката за одбрана. Генералштабот преку организациските единици во кои има вградено формациски елементи од стратегиските комуникации, вклучувајќи ја и Канцеларијата за односи со јавноста во Генералштабот, остварува тесна врска за прашања кои се однесуваат на оваа област со ССК.

**Советодавна функција**

3. Посебен советник на министерот за одбрана за стратегиските комуникации. Посебниот советник на министерот/ката (ангажиран/а по одлука на министер/ка) е највисокото советодавно лице во Министерството, кое дава свое мислење во однос на изработка на наративите, но и за целосниот процес на нивно преточување во теми, кампањи и клучни пораки. Посебниот советник на министерот/ката за одбрана за стратегиските комуникации директно го советува министерот/ката за одбрана и главниот координатор на Координативното тело за стратегиски комуникации, односно раководителот на Секторот за стратегиски комуникации. Посебниот советник за стратегиски комуникации е и директен учесник во координацијата со Владата на Република Северна Македонија во процесот на синхронизација на комуникациите согласно системот ГРИД. Посебниот советник е и координатор на наративите и пораките во НАТО контекст, односно во однос на градењето соодветен комуникациски пристап.

**Координативна функција**

4. Раководител на Секторот одговорен за стратегиски комуникации и главен координатор на Координативното тело за стратегиски комуникации. Главниот координатор на Координативното тело за стратегиски комуникации е носител на координативната улога на

стратегиските комуникации во Министерството за одбрана. Подреден е на министерот/ката за одбрана, а директен претпоставен на помошникот – раководител на ССК. Претставува најважна алка на интра-ресорската координација, пренесување на основните наративи од највисокото раководство во Министерството и Армијата (согласно моделот за координација) во Координативното тело за стратегиски комуникации и до извршното ниво на стратегиските комуникации. Го координира Комуникацискиот план по даден наратив со раководството во Министерството и ја следи неговата реализација.

5. Членови на Координативното тело за стратегиски комуникации. Раководителите/ - помошниците раководители на секторите одговорни за политика и планирање, за меѓународна соработка, за човечки ресурси, за логистика, за набавки, за цивилно-воена соработка, началникот на Канцеларијата за односи со јавноста во Генералштабот на Армијата (лице одговорно за стратегиски комуникации во Армијата) и претставник од Кабинетот на министерот/ката се постојани членови на Координативното тело за стратегиски комуникации, кои како иматели на информации ги поддржуваат наративите на раководството во Министерството. Членовите на Координативното тело се среќаваат квартално, каде на предлог на главниот координатор ги моделираат дадените наративи, ги координираат активностите и ги изнесуваат сите потребни информации поврзани со овие наративи. Воедно, во рамките на нивните надлежности и задачи предлагаат можни активности во рамките на дефинираните наративи. Членовите на Координативното тело, согласно наративите контрибуираат кон Комуникацискиот план по даден наратив кој содржи засебни теми и активности.

6. Надворешни членови согласно потребата на соодветниот наратив. Во рамките на Координативното тело за стратегиски комуникации можно е да членуваат и претставници од други сектори во Министерството и други институции со цел ефикасна координација за реализација на Комуникацискиот план по даден наратив.

Од надворешни институции во овој процес можат да учествуваат претставници од: Претседателот на Република Северна Македонија, Владата и владини агенции, собраниската Комисија за одбрана и безбедност, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за администрација и информатичко општество, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и други.

**Извршна функција**

Помошник раководител на ССК. Се фокусира на извршувањето на Комуникацискиот план по даден наратив. Во рамките на својата работа врши континуирана координација со началникот на Канцеларијата за односи со јавноста во Генералштабот на Армијата и/или лицето со извршна функција за стратегиски комуникации во Армијата.

Сектор одговорен за стратегиски комуникации. Секторот одговорен за стратегиски комуникации е оперативен носител на реализацијата на стратегиските комуникации во Министерството. Посебните одделенија во Секторот имаат засебни, меѓусебно координирани и синхронизирани задачи и тоа:

- **Одделение одговорно за комуникации/ССК.** Изработува комуникациски планови по даден наратив. Утврдените Комуникациски планови по насока на раководителот/ помошникот раководител на ССК ги моделира во соодветни кампањи и комуникациски производи (вклучувајќи текстуални и аудио-визуелни продукти), координира нивна дисеминација на традиционалните медиуми и социјалните мрежи, организира активности со цел реализација на дефинираните комуникациски цели. Врши постојана координација со Канцеларијата за односи со јавноста во ГШ на Армијата, во делот на оперативното извршување на Комуникациските планови по даден наратив. Дел е од системот за справување со дезинформации во неговата проактивна функција, а оперативно се грижи и за одржување на високото ниво на транспарентност на Министерството.
- **Одделение одговорно за медиумски анализи/ССК.** Одговорно за анализа на информациската средина и за медиумскиот мониторинг во Министерството, во чии рамки е дел и од системот за справување со дезинформации. Ги изработува потребните анализи за реализација на Комуникацискиот план за одреден наратив, ги утврдува резултатите од комуникациските активности, ги идентификува лекциите кои треба да се научат и дава предлози за нивна имплементација во реализацијата на планот за следниот наратив.
- **Одделение одговорно за издавачка дејност/ССК.** Носител е на издавачката дејност во Министерството. Ја организира издавачката дејност во Министерството и ги издава магазинот на Министерството за одбрана, „ШТИТ" и меѓународното научно списание „Современа македонска одбрана", како континуирани печатени изданија на Министерството, а по потреба го организира издавањето и на дополнителни еднократни изданија. Со своите изданија ги следи и поддржува напорите за пренесување на клучните пораки на Министерството кон целната публика, согласно дефинираните наративи, теми и клучни пораки.
- **Регионален центар за односи со јавноста /ССК.** Регионалниот центар за односи со јавноста во стратегиските комуникации игра витална улога во делот на стручно обучување – спроведување на комуникациски обуки на персоналот кој е вклучен во стратегиските комуникации. Центарот ги следи новините во овој домен во рамките на Алијансата, и придонесува во унапредувањето на стратегиските комуникации на Министерството. Игра клучна улога во координацијата на напорите за справување со дезинформации и развојот на превентивната функција.

Канцеларија за односи со јавноста во ГШ на Армијата. Изработува кампањи и комуникациски производи имајќи ги предвид Комуникациските планови по даден наратив. Врши дисеминација на информации во името на Армијата на Република Северна Македонија, а е под раководство на началникот на Канцеларијата за односи со јавноста и портпаролот на Армијата. Канцеларијата е во континуирана координација со Одделението одговорно за комуникации во ССК.

**Функционирање на системот за стратегиски комуникации**

Основата на стратегиските комуникации се поставува во рамките на управната функција на стратегиските комуникации. Вршителите на оваа функција ги даваат основните насоки и правци во кои ќе се развиваат наративите, на останатите нивоа на извршување на стратегиските комуникации. Исклучително важен елемент за реализација на стратегиските комуникации е обединетиот и синхронизиран пристап на сите чинители. Воедно стратегиските комуникации се фокусирани на ефектот кој треба да го имаат во информациската средина и врз утврдените целни публики, што побарува исклучително добро познавање на оваа средина и сите нејзини карактеристики. Важен елемент е и адаптибилноста на промените во информациската средина чија основна карактеристика е токму таа – континуирана флуидност и променливост. Заради тоа, освен доброто познавање на информациската средина и адаптибилноста на промените, стратегиските комуникации побаруваат и континуирана заложба. Сето тоа се овозможува преку Моделот за координација и преку динамичкиот процес за реализација на стратегиските комуникации (Дијаграм 1).

Во контекст на процесот на реализација на стратегиските комуникации, носечките столбови на комуникациите на Министерството и Армијата, односно наративите кои се дефинираат од страна на раководството во Министерството, се пренесуваат до Координативното тело за стратегиски комуникации, чија основна задача е истите да ги анализира и да контрибуира во нивното преточување во теми и клучни пораки. Изработката на Комуникацискиот план по даден наратив е одговорност на ССК, додека Координативното тело за стратегиски комуникации го анализира овој Комуникациски план и дава насоки за негово ревидирање. Комуникацискиот план потоа се доставува на одобрување од Кабинетот, односно од министерот/ката за одбрана.

ССК, во соработка со посебниот советник за односи со јавноста и Координативното тело за стратегиски комуникации дефинира и целни публики кон кои се фокусираат комуникациските процеси и цели, и истите ги поднесува на одобрување во рамките на т.н. управна функција (министер/ка за одбрана, началник на Генералштаб на Армијата).

Изработениот Комуникациски план по даден наратив по одобрувањето од страна на раководството во Министерството, преминува на втората, односно извршна фаза, во која се дефинираат и се разработуваат соодветни активности, се изработуваат текстуални и

аудиовизуелни пораки, се дефинираат останатите детали со точно наведени канали и алатки за комуникација. По нивно одобрување од раководителот на ССК и/или посебниот советник за односи со јавноста, се преминува во фазата на операционализација, односно реализација на активностите и дисеминација на произведените продукти.

Системот за стратегиски комуникации преку изведување на симулација се усовршува еднаш годишно, преку реализација на вежба за стратегиски комуникации, во организација на Регионалниот центар за односи со јавноста.

Координативното тело за стратегиски комуникации има своја функција и во однос на разгледување на извештаите за реализација на комуникациските активности за даден наратив, откако истите ќе бидат изработени од страна на одделението одговорно за медиумски анализи во ССК.

<u>Координативното тело за стратегиски комуникации ги реализира следните задачи:</u>

- Дефинирање на предлог–наративи на Министерството и Армијата (по што истите се пренесуваат до раководството на Министерството);
- Анализа и ревидирање на изработените Комуникациски планови по даден наратив (од страна на ССК);
- Разработка на препорачани активности базирани на наративите;
- Анализирање на состојбата во информациската средина преку производите на медиумските анализи;
- Анализирање на постигнатите ефекти и разгледување на извештајот по спроведените комуникациски активности;
- Утврдување на научени лекции и предлагање мерки за подобрување на Стратегиските комуникации.

## ДИНАМИЧЕН ПРОЦЕС ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТРАТЕГИСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ (ДИЈАГРАМ 1)



# КОМУНИКАЦИСКИ ПЛАН ЗА НАРАТИВ „А“ (ДИЈАГРАМ 2)



**Справување со дезинформации**

Дезинформациите се препознаени како едно од клучните безбедносни предизвици во секое современо општество. Министерството за одбрана активно работи на развој на способности за справување со дезинформациите, првенствено преку ССК, во кој се развива т.н. превентивна и образовна улога, заедно со функцијата на брзо и навремено откривање на дезинформациите и креирањето на систем за брз одговор на детектираните дезинформации. Во однос на Концептот за развој на систем за справување со дезинформации, процесот е веќе отпочнат, а во следниот среднорочен период ќе се воспостават нови курсеви и обуки во РЦОЈ, ќе се изврши набавка на софтверски пакети за медиумски мониторинг и за изведување на обуки, а ќе се воспостави и целокупен систем за брза детекција и одговор на детектираните дезинформации.

Согласно Концептот, превентивната функција се фокусира на развојот на медиумската писменост преку организација и реализација на обуки и курсеви, како и преку блиска соработка со Министерството за образование и наука и невладиниот сектор. Превенцијата вклучува и реализација на семинари и работилници со претставниците на медиумите со цел зголемување на разбирањето за одбранбената област, како и соработка со факултетите за новинарство и односи со јавноста. Проактивната функција се однесува на континуирано продуцирање на информативен материјал кој ќе овозможи ефикасно справување со дезинформациите, навремено планирање за можна појава на дезинформации, организација на т.н. „настани во заедницата" со цел доближување на одбранбените активности до граѓаните, како и вмрежување со националните, НАТО и ЕУ капацитети за справување со дезинформации (т.н. „fact-chekers"). Реактивната функција првенствено значи сеопфатен медиумски мониторинг и креирање на систем за брз проток на информации за постоење на одредена дезинформација (брз систем на известување во рамки на Министерството и Армијата).

Во доменот на справувањето со дезинформации, Секторот одговорен за стратегиски комуникации, по потреба соработува и со Секторот – Служба за воена безбедност и разузнавање.

**Градење на отпорност во Министерството и во Армијата за справување со дезинформации**

Развојот на капацитетите на Министерството и Армијата во доменот на стратегиските комуникации е еден од врвните приоритети, особено во доменот на развојот на лицата за нивна реализација. Есенцијална улога во развојот на образован кадар во доменот на стратегиските комуникации, односите со јавноста и справувањето со дезинформации има Регионалниот центар за односи со јавноста, кој е дел од мрежата на НАТО - партнерски центри за обука и едукација. Согласно плановите за развој на Центарот, истиот ќе мине низ институционална

акредитација, со што ќе се позиционира како НАТО школа за обука во доменот на односите со јавноста.

Регионалниот центар за односи со јавноста, согласно годишните планови за обука, континуирано спроведува курсеви за односи со јавноста, додека истовремено заеднички со сојузниците, се прават и чекори кон доусовршување на постојните сертифицирани медиа тренери во областа на стратегиските комуникации, и разработка на основен курс за стратегиски комуникации, како дел од понудата на Центарот. Овој центар се фокусира и на развојот на капацитети и човечки потенцијал со познавања во областа на справувањето со дезинформации, за што се развива и семинар/курс за справување со дезинформации.

Основната цел е во процесот на едукација во областа на стратегиските комуникации, односите со јавноста и справувањето со дезинформации да се опфатат колку е можно поголем број вработени во Министерството и Армијата. Со тоа ќе се овозможи една поголема структура во овие институции да има познавања за тоа што претставува и колкаво е значењето на стратегиските комуникации, односите со јавноста и справувањето со дезинформации во поддршка на целите, мисијата и визијата на Министерството и на Армијата. Впрочем, тоа го олеснува и спроведувањето на самиот процес на стратегиско комуницирање во одбраната.

Развојот на капацитетите за стратегиски комуникации во рамките на Армијата се реализира согласно стандардите наведени во релевантните документи од областа на стратегиските комуникации на НАТО.

**Интерни комуникации**

Интерното комуницирање како еден од најефикасните начини за градење на култура на припадност кон одредена институција и област, е еден од носечките столбови во функционирањето на одбраната. Во таа насока, ССК и Канцеларијата за односи со јавноста ќе ги зголемат напорите за развој на интерното информирање, за што двете организациски единици до Управната функција на стратегиските комуникации ќе поднесуваат заеднички План за интерно информирање, во кој се содржани проекти за развој на организациската култура и организациската припадност. При развојот на интерните комуникации, приоритет ќе биде и процесот на институционално брендирање и креирање на наративи во рамки на Министерството и Армијата чија цел ќе биде развојот на организациската култура и чувството за припадност кон одбраната.

Целите во интерното комуницирање се:

- зголемување на информираноста за одбраната и сите одговорности и придобивки кои произлегуваат од работењето во Министерството;
- воспоставување на канал за комуникација со вработените и отворање на можноста за директен инпут во развојот на одбраната;
- унапредување на чувството на вработените за припадност кон едно семејство кое се грижи за своите членови;
- развој на чувството на одговорност кон својата работна околина;
- зголемување на нивото на задоволство од работењето во областа на одбраната.

## ЗАКЛУЧОК

Со Политиката за стратегиски комуникации, во Министерството за одбрана се воведува систем за спроведување на стратегиски комуникации кој има за цел да ја зголеми ефикасноста и ефективноста во процесот на дефинирање на наративи, теми и клучни пораки, во поддршка на целите на одбраната. Политиката е комплементарна со НАТО – документите од областа, односно Воената политика за стратегиски комуникации (NATO Military Policy on Strategic Communications – MC 0628 од 2017 година) и се базира на истите принципи на функционирање. Од особена важност за оваа Политика е сите наведени чинители во управната, советодавната, координативната и извршната функција доследно да ги почитуваат наведените одредби (задачи и одговорности), што ќе овозможи системот за стратегиски комуникации да даде соодветен резултат, односно сите комуникациски напори на Министерството за одбрана да бидат во поддршка на функцијата на одбраната.